АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15-04-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2384 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-1593/1 од 22.03.2016 г.);

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 31 јануари 2016 година, Дневник во 19 часот;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 април 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги -** начела за негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста (алинеја 1); објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (алинеја 9).

6. **Претходно изречена мерка:** нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Врз основа на претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (бр. 03-1593/1 од 22.03.2016 г.), беше направена анализа на Дневникот од 19 часот емитуван на ТВ Сител на 31 јануари 2016 година. СДСМ до Агенцијата достави своја анализа, во која оспорува седум новинарски прилога, и општо - за сите прилози констатира дека се прекршени насоките од алинеите 1 и 9 од ЗААВМУ. Покрај оваа констатација, општ заклучок на СДСМ за Дневникот 2 на ТВ Сител од 31 јануари е дека (цитат):

- *Мониторираните вести претставуваат пример за неизбалансираност и политичка обоеност на медиумот. Не е обезбеден политички плурализам.*

***

**1.** Во претставката, во врска со првиот прилог во Дневникот на ТВ Сител од 31 јануари, емитуван со почеток од 19 часот, СДСМ наведува дека (*цитат*):

*- Првиот прилог (3,05 минути) е посветен на Специјалното Јавно Обвинителство. Текстот изобилува со шпекулации и претпоставки, кои се во функција на вршење притисок врз работата на ова тело. „100.000 евра поткуп“ е сензационалистичко тврдење на новинарот, кое не е поткрепено со никакви аргументи и докази. Во прилогот во ист контекст се споменуваат Јанева и Заев. Прилогот има негативен тон кон СЈО, Јанева и Заев.*

Извештајот (19:02:01 - 19:05:05) е најавен на следниов начин:

*- „100.000 евра поткуп му нудел полицискиот службеник, кој заработи кривична пријава, на едно од лицата таргетирани од Специјалното јавно обвинителство за да даде невистинито сведочење против високи функционери на власта, откриваат извори од истрагата. Случајот бил поткрепен со цврсти докази. Во јавноста се отвори дилемата дали СЈО ги снимило спорните распити, или, пак, е оставен простор за злоупотреби од членови на тимот или полициски службеници. Денеска од СЈО за Сител потврдуваат дека спорните распити не биле снимени, зашто, како што велат, тоа не им било законска обврска. Тврдат дека сведоците не биле малтретирани“.*

Прилогот, во целост, гласи:

*- Стотина илјада евра му нудел осомничениот полицаец на сведок за да потпише лажна изјава за компромитација на луѓе, таргет на Заев и Катица Јанева, дознава Сител од пријавата поднесена од МВР. Парите, според информациите, требало да му ги исплати еден од првите луѓе на СДСМ. Извори од истрагата велат дека овие обиди на тимот на Јанева да се издејствува лажно сведочење се комплетно документирани и поткрепени со цврсти докази, па се очекува Обвинителството за организиран криминал и корупција многу брзо да го земе предметот во работа. Истите извори велат дека е недозволиво службени лица од полицијата на ваков начин да се обидуваат да конструираат случаи. Покрај оваа тужба која ја поднесе Полицијата, поднесена е и уште една кривична пријава против три лица, дел од тимот на Катица Јанева. Тие се товарат за малтретирање во службата, откако на незаконски начин, со закани, притисоци и уцени се обидувале да извлечат изјави од сведоци кои потоа Јанева би ги користела во постапката. Според информациите, обвинителите воопшто не им дозволувале на сведоците да повикаат адвокат, се однесувале дрско, упатувајќи закани кон нив и нивните семејства.*

*„Гледаш ли Никола Груевски што прави од државата и како нѐ уназадува? Ти имаш фамилија, соработувај инаку ова нема тука да застане.“ (цитат од факсимилот на кривичната пријава против СЈО, испишан на телоп, з.н.)*

*е само еден од цитатите кои ги навеле лицата кои биле предмет на злоупотребите на тимот на Јанева. Сител дознава дека обвинителите воопшто не го снимале испитувањето на сведокот кој ги обвини за малтретирање, што е многу индикативно ако се знае дека видео снимањето на ваквите испрашувања е редовна пракса кога станува збор за сериозни предмети. Од СЈО, вечерва за Сител потврдија дека не се снимало испитувањето. Оттаму велат дека тоа не било нивна законска обврска и дека затоа не се решиле да ги вклучат камерите. Додаваат дека веќе разговарале со пријавените обвинители кои демантираат дека ги малтретирале сведоците. Од Обвинителството сѐ уште не откриваат колку снимки им предаде лидерот на СДСМ Зоран Заев на ден пред Нова година. Обвинителката Ленче Ристовска за Сител вели дека информацијата прво ќе му ја доставaт на Советот на јавни обвинители, а потоа ќе ја информираат јавноста.*

По жанровска структура, опишаниот, оспорен прилог во Дневникот на ТВ Сител е - новинарски извештај, односно: актуелна, општествено-политичка содржина, чија основна тема информативно е

обликувана како *вест*, потоа образложена преку податоци што претставуваат официјални гледишта/искази/ставови од засегнати правни и/или физички лица. Ваквата жанровска одредба е важна, бидејќи претставката на СДСМ ја оспорува – фактографијата на прилогот/новинарскиот извештај, а токму оттука, цитираната *алинеја 9* (*објективност*) од начелата на *членот 61* во *Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*, потесно се поврзува со следниве основни начела и принципи од *„Кодексот на новинарите“*:

*- Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес;*

*- Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи;*

*- Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави;*

*- Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно;*

*- Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата;*

*- Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити;*

Овие општи правила и принципи на професионалното новинарско работење се во корелација *со член 61 став 1 алинеја 13 од ЗААВМУ:*

*- За самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.*

Во конкретниов случај, пак, на анализираниот новинарски прилог/извештај, посебно се важни одредбите од Законот за медиуми за правото на исправка и одговор, што еднакво се однесуваат и на правни и на физички лица.

Во прилог на веста, како основа за извештајот, како извори на информации користени се:

- анонимни извори од Министерството за внатрешни работи (МВР);
- факсимил (замаглени лични податоци за адресантот) и цитати (телоп) од кривичната пријава до Основното јавно обвинителство (ОЈО) поднесена од МВР против Специјалното јавно обвинителство (СЈО);
- прекажани ставови од изјава на СЈО дадена по директно прашање од ТВ Сител.

Хронолошки, новинарскиот прилог на ТВ Сител емитуван на 31 јануари 2016 година е иницијален во општата актуелна, општествено – политичка тема: *кривични пријави против СЈО, за наводно малтретирање сведоци.* Во цитираниот/опишан новинарски прилог се споменуваат две кривични пријави/тужби, но не е јасно тврдењето од клучната теза - *Кој ги поднел тужбите против СЈО?* – затоа што потенцијалниот *„подносител на кривичната пријава/тужбата“*, во новинарскиот прилог е именуван преку - метонимија (*замена на целина, преку нејзин (доминантен) дел*): еднаш тоа е - *МВР*, другпат колоквијално – *Полицијата.*

Поради оваа нејаснотија во клучната теза од новинарскиот прилог, за анализава беше нужно да се направи куса, двостепена споредбена анализа: 1) на новинарските прилози со иста тематика емитувани на истиот датум (31 јануари 2016 година) во централните ТВ дневници на националните телевизии што се заинтересирале за овој општествено-политички настан; 2) проверка на вестите во низа, како новинарски метод на континуирана контекстуализација на една иста тема.

Првиот (споредбен) аналитички степен покажа различни новинарски/уредувачки приоди; ниту еден телевизиски прилог не ја оспорува постојноста на кривичната пријава, но прилозите не го посочуваат МВР како подносител на пријавата против СЈО, туку посочуваат – *„анонимен подносител/приватно лице“*. Од

гледна точка на гледач, важно е да се забележи дека одредени новинарски телевизиски прилози, дури и го пренебрегнуваат мотивот - *кривичната пријава* - како појдовен податок, и директно почнуваат со – последицата – *одговорот/демантот од СЈО*. Оттаму, пак, по двомесечна дистанца од иницијалниот прилог (31 јануари), сложениот информативен контекст за овој настан може да се реконструира само преку мултимедијален реципиентски увид во причините/последиците, за него и од него. Извештајот на ТВ Сител ставил нагласка врз содржината на кривичната пријава (*од МВР/Полицијата*), а другите (споредбени) новинарски извештаи се фокусираат врз одговорот на СЈО, без каков било показател за содржината на кривичната пријава.

Вториот аналитички степен се темели врз - *веста во низа:* континуирана медиумска контекстуализација на настанот - и се води од проверка на информациите што можеле да му претходат на опишаниот новинарски извештај на ТВ Сител, или да последуваат од него. Се покажа дека – на 30 јануари (ден претходно) овој општествено – политички настан не е навестен, со што се потврдува иницијалноста на новинарскиот прилог од 31 јануари.

На 1 февруари (последователно), во централниот Дневник на ТВ Сител, емитуван е прилог (19:06:33 – 19:08:56) кој во најголем дел го преповторува новинарскиот извештај од 31 јануари, но - исклучително важно е што овојпат севкупната содржина на извештајот (информациите и изворите за нив) е презентирана како – сознанија преземени од порталот „Курир", презентирани со наслов (телоп): *„Курир: Лажниот исказ со јасна цел – дискредитација на Гордана Јанкуловска"*.

На овој начин, медиумскиот (и општествено-политичкиот) контекст, пред сѐ преку промена на гледиштето за презентирање на изворите на клучните информации за актуелниот општествено – политички настан, е – сосем изместен. Ова е посебно важно ако се има предвид дека технички - ТВ прилогот (*веста во низа)* - од 1 февруари претставува: аудиовизуелна целина, комбинирана од прекажани сознанија на порталот „Курир", илустрирани со архивски и со актуелни снимки од ТВ Сител, на истата тема, третирана во континуитет.

Оваа согледба на медиумскиот контекст за темата каква што ја презентира ТВ Сител – *кривична пријава од МВР против СЈО* - издвојува пресудна разлика во новинарскиот третман на една иста тема во непрекинат временски континуитет: Првиот новинарски прилог од 31 јануари е емитуван како автентичен – фактографски извештај на ТВ Сител, а последователниот новинарски прилог на истата тема емитуван на 1 февруари, земен сам по себе како аудиовизуелна целина, излегува од рамките на кој било стандардизиран, информативен, авторски автентичен новинарски жанр, затоа што претставува – комбинација на туѓ (трансмисиски) прекажан новинарски прилог, содржински главно преземен од порталот „Курир", илустриран со снимки на ТВ Сител.

Така, со деградација на фактографијата од првиот новинарски извештај (31 јануари), ТВ Сител постапно прави релативизација на сопствената уредувачка одговорност. Односно – веќе со вториот прилог, и со жанровски варијации на *„вест во низа"* на прилози со иста тема што последуваат во централните ТВ дневници од целата прва недела во февруари, ТВ Сител одговорноста за веродостојноста на (изворот на) информациите ја лоцира/преместува во порталите: „Курир" и „Денешен", кои, пак, како вид електронски (мулти)медиуми, не се предмет на формална, стриктна – содржинска регулација. Најчести фрази со кои се прекажуваат прилозите од порталите „Курир" и „Денешен", како основни извори на информациите, се: *открива/пишува/пренесува/дознава/јавува.*

Подносителите на кривичните пријави против СЈО, ТВ Сител конкретно ги именува: *Полицијата, по службена должност; граѓани* - во прилог со наслов (*телоп*): *„Тимот на Катица Јанева вршел притисок и заплашувал судија"*, емитуван во Дневникот од 3 февруари 2016 година (19:12:32 – 19:14:47).

Во првиот прилог на ТВ Сител емитуван на 31 јануари, на СЈО му е оставен медиумски простор за – демант/одговор, и СЈО тој простор го искористил: преку прекажан демант. Во вториот прилог, од 1 февруари, делови од официјалниот демант на СЈО (што ТВ Сител во ниту еден од анализираните прилози не го

емитувал во целост), дадени се преку изјава на Катица Јанева, специјалната обвинителка, снимена на прес-конференција по друг повод:

Цитат од Катица Јанева, претседателката на СЈО:

- *(Ставот) го знаете, имаше и вчера исто известување од портпаролот, мојата колешка Ленче Ристоска, дека во врска со тоа, тие кривични пријави треба да се докажат. Така што мислам дека сте целосно информирани.*

Цитат од ТВ Сител, со кој се затвора целината на прилогот од 1 февруари:

- *Повеќе детали Јанева најави на прес-конференција, која, како што рече, Специјалното обвинителство ќе ја закаже во наредните денови.*

Оваа изјава на обвинителката Јанева, како инсертиран видео – рефрен, ТВ Сител последователно ја емитува како поента на демантот на СЈО, речиси во сите свои наредни прилози на темата за кривичните пријави против СЈО.

При проценка – дали се повредени правата на правно или на физичко лице, непосредно засегнато од содржина и/или од монтажен склоп на новинарски обликувана аудиовизуелна целина, нужно е да се прави клучна разлика помеѓу – веродостојноста/кредибилитетот на изворите за информациите, од една страна, и - веродостојноста на информациите/тезите врз основа на кои е составена аудиовизуелната целина на секој поединечен новинарски прилог, од друга страна. Односно, како што е опишано во делот на споредбената анализа и вест во низа – нужно е да се утврди – кој е изворот на информациите, кој медиумски ја посредува информацијата, и во каков новинарски жанр (*фактографија/аналитика*) е пренесена информацијата?

Оттаму, анализите што општо се поврзуваат со членот 61 (*начела*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно општо со сродните начела и принципи од „Кодексот на новинарите", бараат тематска стратификација со многу поширок опфат од оној што е посочен со претставката на СДСМ, а згора на тоа, таквите анализи припаѓаат повеќе во доменот од работата на Советот за етика во медиумите на Македонија, како надлежно саморегулаторно тело, отколку во доменот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Од буквалниот испис, и од анализата на новинарскиот извештај на ТВ Сител емитуван во Дневникот од 31 јануари, што СДСМ конкретно го оспорува како – *шпекулативен* и *сензационалистички* - поради изнесеното тврдење дека (цитат): *„Парите (100.000 евра поткуп – з.н.), според информациите, требало да му ги исплати еден од првите луѓе на СДСМ"*, евидентно е дека како извор на информациите за клучната теза е наведена - *кривична пријава од анонимен подносител против СЈО*, а како против-теза, пак, прекажан е демант од СЈО. Доколку СДСМ се сметал за непосредно засегнат од информациите или од тврдењата на овој прилог/новинарски извештај, нему му стоеле на располагање можностите од Законот за медиуми – *право на исправка и на одговор, 30 дена по објавената информација*, а по истиот Закон, СДСМ имал и право на тужба доколку медиумот му ги одбиел таквите барања. Друга правна постапка можел да покрене и преку одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

***

**2.** Во претставката, за вториот прилог, СДСМ наведува дека (*цитат*):

- *Вториот прилог (2,39 минути) е одбрана на Марко Зврлевски, Јавен Обвинител на РМ. Новинарот го претставува како жртва на омаловажувања и навреди од страна на опозицијата и политички*

*аналитичари, цитирајќи притоа веќе објавени прилози. Зврлевски е прикажан како смирен и професионален, а СЈО, Јанева и опозицијата како деструктивни. Прилогот е со позитивен тон за Зврлевски, а со негативен тон на известување кон СЈО, Јанева и опозицијата.*

Прилогот (19:05:06 – 19:07:46) жанровски е коментар, насловен: - „*Катица со закана до медиумите – Зврлевски без ниту една закана и тужба*".

По однос на формата, што значи – според професионалните стандарди за жанровското устројство на новинарските прилози, оспорениот прилог во Дневникот на ТВ Сител претставува – коментар (а не – *извештај*, како што е изворно наведено): аудиовизуелна целина, потпишана како авторска или редакциска анализа на актуелен, општествено – политички настан/случување/состојба, врз основа на конкретни податоци (*вести/извештаи/соопштенија/интервјуа/статистика*) сопоставени по принципот теза/антитеза, со можен отворен крај (интерпретација на реципиентот), или со директно посочен заклучок (на авторот/на редакцијата). Со потписот на вака поставената жанровска структура, и етички (*Кодекс на новинарите; член 61 од ЗААВМУ*) и правно (*Закон за медиуми; Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета*), се презема одговорност за јавно изнесен став на новинарот или на редакцијата, бидејќи е коментарот отворен за јавен одговор или за исправка на податоците врз основа на кои ја заснова својата теза/тези.

Оспорениот коментар е емитуван како втор прилог во Дневникот од 19 часот, односно – непосредно по новинарскиот извештај за (*анонимните*) кривични пријави против СЈО.

Иако оваа актуелна, општествено-политичка тема ТВ Сител ја третира континуирано низ жанровски варијации и во сите свои централни информативни емисии во неделата од 1 до 7 февруари, сепак - ниту еднаш не го објавува демантот на СЈО во целост или преку суштински, автентични цитати соодветни за главната теза на својот коментар, во која, пак, демантот на СЈО го квалификува со премногу општа/релативизирачка формулација, како – „*закана*" упатена до „*голем дел од медиумскиот простор*".

***

3. Во претставката, за третиот прилог, СДСМ наведува дека (*цитат*):

- *Третиот прилог (2,14 минути) е телефонско интервју со Алберт Муслиу, кој е претставен како опозиционен аналитичар. Муслиу застапува свои ставови и размислувања за изборниот процес и условите за фер избори. Прилогот има неутрален тон.*

Прилогот (19:07:48 - 19:09:59), е најавен на следниов начин:

- *Неизвесно е исполнувањето на сите услови за одржување на фер избори до 20 февруари, датумот кој го дадоа амбасадорите на САД и на Европската Унија, како нов краен рок за постигнување договор меѓу партиите, вели политичкиот аналитичар од опозицискиот блок, Алберт Муслиу. Вели дека е особено значајно во овој период да се демонстрира политичка волја за затворање на овие прашања.*

Жанровски, опишаниот, оспорен прилог во Дневникот на ТВ Сител е – изјава, во случајов од физичко лице што информативната редакција го повикала да даде стручен, политиколошки коментар/оценка во врска со (не)исполнување услови за предвремени парламентарни избори. Поради забелешката на СДСМ дека (цитат): „(...) *Алберт Муслиу, е претставен како опозиционен аналитичар*", основата за претставката можно е да се лоцира само во веќе цитираната, прва алинеја од *членот 61 (начела)* во *Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

Алберт Муслиу, иако е најавен од новинарката – водителка на Дневникот како – „*политички аналитичар од опозицискиот блок*", во аудиовизуелниот запис на неговата изјава е потпишан само како –

политички аналитичар. Изјавата на Муслиу е емитувана како логичка целина, односно, не е проблематизирана во однос на контекстот очекуван да произлезе од прашањето што му е поставено. Алберт Муслиу, како соговорник со стручен политиколошки став на истата актуелна општествено – политичка тема, консултиран е со изјава емитувана (19:16:18 – 19:18:16) и во изданието на Дневникот на ТВ Сител од 5 февруари 2016 година, а најавен е и потпишан како – политички аналитичар.

Датумите на двата новинарски прилога – оној од 31 јануари, што СДСМ го оспорува врз основа дека Алберт Муслиу е *„претставен како опозиционен аналитичар"*, и прилогот од 5 февруари, кога е истиот соговорник претставен само како – *политички аналитичар,* по хронологија и по содржина на емитуваните изјави се доволно блиски за да се смета дека е нивелиран начинот на кој е претставен соговорникот. Од 31 јануари, кога е првпат емитуван новинарскиот прилог што СДСМ го оспорува, Агенцијата нема информација дека Алберт Муслиу побарал исправка поради ваквото идентификување.

***

**4.** Во претставката, за четвртиот прилог, СДСМ наведува дека (*цитат*):

*- Четвртиот прилог (3.01 минути) претставува класично спинување и манипулација на новинарот. Прилогот почнува со внатрепартиските избори во САД, со акцент на Хилари Клинтон, а завршува со критика упатена до Питер Ван Хауте и опозицијата („и додека опозицијата во Македонија и Ван Хауте сакаат да го забранат уредничкиот коментар..."). Споредбата на The New York Times, со ТВ Сител е бесмислена и несоодветна, а предлогот во новата медиумска регулатива за формулацијата „уреднички коментар", е извадена од контекст. Прилогот е со негативен тон на известување за СДСМ и ЕУ.*

Станува збор за коментар (19:10:00 – 19:13:00), насловен: - *„Додека СДСМ бара казни за македонските медиуми за уреднички став, Њујорк Тајмс отворено ја поддржа Хилари Клинтон"*.

Коментарот не е потпишан, ниту како редакциски, ниту како авторски став. Ако се има предвид дека во Дневникот од 19 часот емитуван на 31 јануари, нема ниту еден новинарски прилог тематски посебно сроден на тој коментар, тогаш (со двомесечна дистанца за оваа анализа), тешко е - прецизно, до специфични детали, да се реконструираат конкретните мотиви и општествениот контекст за темата по која е објавен коментарот. Во секој случај, темата на посочениот коментар може да се апстрахира: *професионалните новинарски стандарди, начела и принципи на жанрот - коментар, применети во новинарска практика при општествени услови на политички избори.* Но, и со таква општествено-политичка рамка, темата на коментарот на ТВ Сител пред сè ќе има значење за потесен, информиран дел од јавноста, додека од гледна точка на широката телевизиска публика, која нема точен увид во темата, може да се третира како - дел од политичките преговори за т.н. „Договор од Пржино", во кои непосреден учесник е и СДСМ.

Невозможно е индуктивно – преку (полемика за) карактеристиките на новинарскиот жанр коментар, да се изведува општ заклучок за (интердисциплинарните) карактеристики на цели медиумски системи, како и на комуникациските системи воопшто.

Делот од коментарот што претставката на СДСМ го оспорува како - *„класично спинување и манипулација"*, гласи (*цитат*):

*- И додека опозицијата во Македонија и Ван Хауте сакаат да го забранат уредничкиот коментар, во ист таков текст уредничкиот колегиум на еден од најугледните светски весници отворено кажува дека досега трипати ја поддржал Клинтон во трката за јавна функција, претставувајќи го тоа како нешто најнормално. За ваквите натписи весникот никогаш немал проблем со ниту едно американско регулаторно тело, а соросовите структури никогаш не се осудиле да рецензираат негови текстови. Самиот текст говори дека во него нема ниту трошка од балансирано известување, а неговото објавување е одлука на уредниците кои сметаат дека треба да ѝ дадат*

*поддршка на Клинтон во нејзината борба на внатрепартиските избори на Демократите за претседател на САД.*

Во прилог на тезата, како извор во коментарот се користи снимка (screenshot) од редакциски коментар на „Њујорк Тајмс", а на антитезата: се споменуваат, но ниту усно ниту визуелно не се цитираат јасни показатели за ставовите на СДСМ и на Питер Ван Хауте, посредникот во преговарачкиот процес за измени во македонските закони за електронски медиуми;

Имајќи го сето ова предвид, освен што општо пледира на алинејата 9 (*објективност*) од членот 61 во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, СДСМ како директно засегнат од коментарот на ТВ Сител емитуван во Дневникот од 19 часот на 31 јануари, можел правно да ја насочи својата претставка и според одредбите за правото на одговор и исправка од Законот за медиуми:

***

**5.** Во претставката, за петтиот прилог, СДСМ наведува дека (*цитат*):

- *Петтиот прилог (2,06 минути) е соопштение на СДСМ во кое се изразува загриженост од официјалните податоци за аеро загадувањето во РМ и во кое бара превземање на итни мерки, како и се бара одговорност од надлежните. По ова следува реакција на ВМРО, во која се дефокусира вниманието на јавноста и се полемизира неаргументирано на сосема друга тема. „На Бихачка чади фабриката на Чауш" „А СДСМ сипаници добива ако треба да сработи нешто".*

Прилогот (19:13:00 - 19:15:12), жанровски претставува соопштение за јавноста, е насловен: *„СДСМ бара мерки за загадувањето. ВМРО ДПМНЕ вели дека на Бихаќка чади фабриката на Чауш";* а е најавен на следниов начин:

- *„Од дневниот партиски билтен: СДСМ денеска преку соопштение обвини дека владејачката партија не презема мерки за решавање на проблемот со загадувањето. ВМРО ДПМНЕ одговори – мерки се преземаат, но на СДСМ му чади од фабриките на Чаушот."*

Во него како извори на информации се користени соопштение на СДСМ во врска со загаденоста на воздухот во повеќе градови од Република Македонија и соопштение на ВМРО ДПМНЕ, како одговор на соопштението од СДСМ. За да се процени одговорноста на медиумот според член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ, неопходно е да се имаат на увид текстовите од оригиналните партиски соопштенија, по што би се утврдило дали ТВ Сител ги пренела - неизменети, во целост.

Рамномерноста во третманот на спротивните партиски ставови е нарушена преку визуелниот третман на соопштението како конвенционален материјал за комуницирање со широка, телевизиска јавност: соопштението на СДСМ е илустрирано со снимки од влезот во партиското седиште (*неутралност: монтажа на кадри со среден и крупен план во однос на објектот на снимање*), а соопштението на ВМРО ДПМНЕ е илустрирано со снимка од партиски митинг (*интенционалност: монтажа на кадри со средни и широки – далечен тотал - планови, како сугестија за масовна народна/јавна поддршка на партијата*).

***

**6.** Во претставката, за шестиот прилог, СДСМ наведува дека (*цитат*):

- *Шестиот прилог (3,40 минути) се однесува на владините проекти за вработување. Во прилогот се забележува како сите министри му реферираат на Никола Груевски, додека тој седи на челното место на конференциска маса, каде во позадина е партиското знаме на ВМРО ДПМНЕ. Новинарот максимално*

*афирмативно го презентира прилогот, но што е поважно пушта тонски запис од излагањата на министрите кои го величаат рекордниот број на вработувања и драстично намалениот број невработени. Прилогот е со позитивен тон за Груевски, ВМРО ДПМНЕ и Владата на РМ.*

По жанровска структура, опишаниот, оспорен прилог (19:15:32 - 19:19:14) во Дневникот на ТВ Сител е - новинарски извештај, односно: актуелна, општествено-политичка содржина, чија основна тема информативно е обликувана како *вест*, потоа образложена преку податоци што претставуваат официјални гледишта/искази/ставови од засегнати правни и/или физички лица. Најавен е на следниов начин:

- *„Речиси 9.000 лица во 2016 година ќе најдат работа благодарение на владините мерки за вработување. Денеска координативен состанок за мерките кои лани отворија 18000 нови работни места.“*

Во прилог на веста, како основа за извештајот, како извори на информации користени се изјави (аудиовизуелен материјал) на министри и директори на јавни установи од Република Македонија;

Од претставката на СДСМ за овој новинарски извештај, може да се претпостави дека, всушност, се оспорува – уредувачкиот пристап кон општествени ситуации или кон јавни настани во - предизборен период, кога е – примарно важно, според насоките од Изборниот законик, политичките субјекти одговорно да го почитуваат принципот за јасна поделба на активностите на државните органи - од активностите на партијата на власт. Во конкретниот случај, со новинарскиот извештај што СДСМ го оспорува, имајќи ја предвид слободата и самостојноста во уредувачкиот пристап кон јавно организирани настани (член 61 став 1 алинеја 13 од ЗААВМУ), претставката не може – формално, да се заснова врз алинејата 9 од членот 61 во ЗААВМУ. Агенцијата може одново да го потсети медиумот дека – препораките, насоките и упатствата за професионално новинарско проследување јавно организирани, општествено–политички настани, посебно во период пред и за време на изборен процес, им укажуваат на информативните редакции внимателно да разликуваат – *релевантни* од *псевдо настани.*

***

**7.** Претставката на СДСМ за седмиот прилог во Дневникот на ТВ Сител од 31 јануари, емитуван со почеток од 19 часот, врз основа на алинеите 1 и 9 од членот 61 во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, го оспорува интервјуто со Никола Груевски, претставен како - *„претседател на ВМРО ДПМНЕ“*.

Интервјуто (19:19:14 - 19:47:47), е најавено на следниов начин:

- *Три нови инвестиции најави во гостувањето во вестите од 16 часот, лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски. Вели дека на 24 април мора, и ќе се одржат фер и демократски избори. Ја повика Државната изборна комисија да работи во интерес на граѓаните. Порача дека не прифаќа експерименти со медиумските слободи и неговата партија останува на ставот за усвојување на било кој закон од Европската Унија.*

За оваа претставка, бидејќи интервјуто е емитувано како прилог последователен на гореспоменатиот новинарски извештај, важи заклучокот даден за шестиот прилог од оваа анализа.

Освен по начелата опфатени со алинеите 1 и 9 од членот 61 во ЗААВМУ, СДСМ и општо го оспорува интервјуто, низ призмата на поимот – *политички плурализам во медиумите*, кој, пак, содржински не може да се сведе на – исклучиво, бинарно поимање, односно, нужно претполага аналитички приод со тематска стратификација од многу поширок општествено – политички опфат.

Од друга страна, пак, за релевантниот медиумски контекст на претставката, важно е да се напоменат и овие три забелешки:

1) Веднаш по снимката од интервјуто, информативната редакција на ТВ Сител емитува и соопштение на СДСМ, како демант на некои од тезите изнесени во интервјуто (*цитат во целост*):

*- На гостувањето на лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски, со соопштение реагираше СДСМ – 626.312 граѓани ја напуштиле Македонија пред сè млади, образовани луѓе, поради невработеност и лоши услови за живот. Тоа се 626.312 човечки судбини кои најсилно говорат за неспособноста на Груевски и ВМРО ДПМНЕ, поради deal oriented политиките на Никола Груевски, странските инвеститори ја напуштаат Македонија, а се зголемува и невработеноста. Илјада рудари останаа без работа пред два месеци, загрозена е егзистенцијата на нивните семејства – стои во дел од реакцијата на СДСМ, испратена по гостувањето на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во вестите на Сител;*

2) Една од најавите за вестите опфатени со Дневникот на ТВ Сител од 31 јануари, претставува отворен јавен повик до Зоран Заев, лидерот на СДСМ, за интервју во ТВ Сител (*цитат*):

*- На почетокот, најава дека подолу во овој Дневник во целост ќе можете да го погледнете разговорот со лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски. Во вестите од 16 часот тој одговори на сите актуелни прашања од политиката и економијата. Воедно, јавна покана за лидерот на СДСМ Зоран Заев, за гостување во вестите на Сител. Досега најмалку трипати, од изборот на Заев за партиски лидер, тој бил поканет во информативните изданија на Сител, но, поканите биле одбиени. Во насока на нашето барање за партиите за соработка со цел објективно информирање во предизборието, апелираме лидерот на опозицијата овојпат да ја прифати нашата покана.*

3) Во Дневникот на ТВ Сител, емитуван од 19 часот на 3 февруари 2016 година, објавен е прилог (19:15:37 – 19:16:53) со факсимил од – „*официјално писмено барање*" - за интервју, испратено до Зоран Заев, лидерот на СДСМ (*цитат*):

*- А Телевизија Сител и денеска ја реафирмира иницијативата за гостување на лидерот на СДСМ во информативната програма. Испратено е официјално писмено барање до претседателот на СДСМ. Во него пишува: По пет последователни јавни покани за Ваше гостување во информативните изданија на Сител телевизија, Ви се обраќаме и со официјална писмена покана за гостување во Дневникот на Сител. Сметаме дека и покрај тоа што во минатото во неколку наврати сте ги одбиле поканите од нашите новинари и уредници, сега во пресрет на изборите со кои треба да се стави крај на политичката криза во земјата, е од исклучителна важност да ја прифатите отворената покана од нашата информативна редакција. Со тоа и Вие ќе дадете придонес кон напорите за што пообјективно известување и подобра медиумска и политичка клима во земјата. Претходно нашата редакција писмено се обрати до сите политички партии, меѓу кои и СДСМ со барање за активна соработка во процесот кој следи. Уште еднаш апелираме до Вас, како претседател на СДСМ, да помогнете во воспоставувањето подобра комуникација со раководството на Партијата и да ја поттикнете кооперативноста на функционерите на СДСМ со новинарите на Сител кои досега се соочуваа со потешкотии за обезбедување нивни изјави и ставови.*

**8.Предлог:**

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да го извести Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за поплаката и за наодите од надзорот, и да му укаже на фактот дека треба сериозно и доследно да го почитува начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на

публиката за одделни настани и прашања од членот 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***